


ЕВН е компанија чија главна дејност е дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна од 2006 година како дел од групацијата EVN. Во изминатите 15 години на овој пазар, ЕВН се стреми кон одржување на високата професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

---

## КАРИЕРА ВО ЕВН

Во Одделот Човечки ресурси и Организација, Група Управување со персонал и организација, потребен/а е специјалист/ка кој/а ќе има клучна улога во реализирањето на нашите проекти.

# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Спроведува процес за засновање на работен однос, продолжување на работен однос и изработува соодветна документација
- Врши пријава/одјава на вработени во АВРСМ
- Спроведува процес за трансфер на вработени, промени во права и обврски од работен однос и изработува соодветна документација
- Врши внес и редовно ажурирање на податоци за вработените во деловниот софтвер на Друштвото
- Обезбедува целосна документација за консолидирање на персоналните досиеја на вработените
- Следи, применува и обезбедува усогласеност со работното законодавство
- Подготовува извештаи од делокруг на работата
- Соработува со надворешни органи и институции (АВРСМ, ФПИОСМ, УЈП итн.)

**Потребни компетенции**

- Високо образование (предност имаат кандидатите со Правен факултет)
- Релевантно работно искуство најмалку 2 години,
- Одлично познавање на Англиски јазик и MS Office (Excel, Word и Power Point)
- Високо развиен интегритет и доверливост
- Искуство со работни задачи во кратки рокови
- Развиени комуникациски и организациски вештини

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо, најдоцна до 05.02.2024.

**Напомена:** Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

ЕВН е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ensure обезбедува
encourage охрабрува
enable овозможува